РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2423/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *музичко образование* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## III ОДДЕЛЕНИЕ

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да применува правилен пејачки став (седење, држење, дишење);
- да применува култивирано пеење (умерено пеење без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да се оспособува да пее песни со разновидна ритмичко- мелодиска линија;
- да се оспособува за активно слушање на музиката;
- да препознава музика од различни инструменти;
- да ги помети, повторува, користи движењата во музичко – ритмичките активности;
- да се воведува во елементите на нотното писмо;
- да се запознае со детски музички инструменти (мелодиски) и да свири со нив;
- да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др.;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да умее да ја користи компјутерската техника за музичко изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ (ориентационо 19 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ правилно да го држи телото при пеење;<br>▸ да развива интерес за пеење;<br>▸ да го проширува опсегот на гласот;<br>▸ да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам (1:1 и 1:2, односно 2:1);<br>▸ да пее песни различни по содржина и карактер;<br>▸ да се воведува за пеење по ноти со тактирање. | Правилен став при пеење<br><br>Пеење песни по слух (детски, уметнички, народни, поврзани со државни и верски празници) различни по содржина и карактер (опсег c1 – c2)<br><br>Пеење на елементарни мелодиски вежби и песни по ноти (со употреба на сол1 и ми1 во траење на половини и четвртини) | ▸ Пеење по слух<br>▸ Пеење по ноти<br>▸ Тактирање *(поимот се воведува како стручен израз наместо „удирање" и како подготовка за поимот „такт" кој ќе се разработува во погорните одделенија).* | ▸ Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.);<br>▸ изведба на бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците);<br>▸ пеење песни различни по содржина и карактер (пр., пее песни за годишните времиња, детски песни; народни песни и др. со опсег c1 – c2);<br>▸ пеење на детски песни во корелација со наставните содржини од останатите наставни предмети;<br>▸ учење на содржината на песните преку визуелно претставување на текстот со слики, потоа со слики и зборови и на крај само со зборови;<br>▸ доживување и препознавање на траењето на четвртина и половина преку бројалките (1:1 „Енци-менци"; 1:2 „Тара-тара-тарана");<br>▸ вежби по слух со кратки мелодиски мотиви сочинети од тоновите сол1 и ми1 (пр.1: наставникот го пее мотивот со именување на тоновите, а учениците го повторуваат; пр. 2: наставникот го пее мотивот со текст, а учениците го повторуваат со именување на тоновите);<br>▸ пеење на елементарни мелодиски вежби и песни по ноти со тактирање. |

| 2. МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 19 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики;<br>▸ да развива чувство за ритам;<br>▸ да изведува музичко-ритмички чекорења;<br>▸ да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија;<br>▸ да запознава и изведува едноставни народни ора од различни етнички заедници;<br>▸ да се поттикнува за учество во елементарни музички драматизации. | Музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскок-нување)<br><br>Музички игри<br><br>Танцување (валс)<br><br>Елементарни музички драматизации (со корис-тење на танц и пантоми-ма) | ▸ Валс | ▸ Комбинирање на чекорења, потскокнувања, престројувања и др.;<br>▸ учество во музички игри;<br>▸ марширање или плескање со рацете на дадена музика;<br>▸ танцување на одредена музика преку контрола со знаци (слики, предмети, движења и сл.);<br>▸ чувствување на тактот на музиката преку допир на мембрана за бас и повторување на доживеаниот ритам;<br>▸ изведба на едноставни танци и ора од различни етнички заедници и култури, според одреден редослед во одбележан и добро структуиран простор;<br>▸ танцување на валс;<br>▸ учество во елементарни музички драматизации (драматизација на „Пецо и волкот” од С. Прокофјев). |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да слуша и препознава: класична, народна и музика за деца;<br>▸ да го препознава карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна и др.);<br>▸ да разговара за музиката што ја слуша;<br>▸ да препознава народни песни и ора;<br>▸ да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти. | Слушање класична и народна музика, како и музика за деца<br><br>Слушање музички фолклор (народни песни и ора од својата етничка заедница и од другите заедници) | ▸ Инструмент<br>▸ Изведба<br>▸ Изведувач<br>▸ Композитор<br><br>▸ Народна песна и оро | ▸ Слушање класична музика: Сен-Санс: „Карневал на животните" – „Кенгурите" и „Народот со долги уши" (доживување на забавување и забрзување на темпото, како и намалување и зголемување на динамиката);<br>▸ слушање музика за деца (С. Прокофјев: „Пецо и волкот" – цртан филм);<br>▸ песнички од детски фестивали;<br>▸ слушање музика од омилени исполнители;<br>▸ слушање на звуци од музички инструменти и нивно препознавање на слика или на видео;<br>▸ дискриминација на звуци од предмети и пронаоѓање на нивниот пар;<br>▸ народна музика (песни и ора од различни етнички заедници на Македонија и од светот);<br>▸ запознавање на звучноста на музичките инструменти преку слушање на музички дела или фрагменти (хармоника, флејта, барабанче, гитара, дајре). |

| 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да развие осет за ритам;<br>▸ да се запознае со начинот на свирење на одредени детски музички инструменти;<br>▸ да повторува кратки ритмички мотиви;<br>▸ да повторува кратки мелодиски мотиви;<br>▸ да придружува позната песна со одредени ДМИ. | Ритам<br><br>Мелодија<br><br>Свирење на детски мелодиски инструменти<br><br>Придружба на песни и кратки ритмички и мелодиски мотиви со детски музички инструменти | ▸ Ритам<br>▸ Мелодија<br>▸ Имиња на детски музички инструменти (кои се корис-тат во училиштето)<br>▸ Придружба | ▸ Изработка на музички инструменти од предмети и експериментирање со звуци;<br>▸ постапно запознавање со начинот на свирење на одредени музички инструменти;<br>▸ изведба со детски ритмички инструменти (пр., повторува кратки ритмички мотиви);<br>▸ свирење на детски мелодиски инструменти (металофон);<br>▸ едноставна придружба на позната песна со ДМИ. |

## 5. ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ПИСМЕНОСТ (ориентационо 6 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ги препознава знаците на нотното писмо: петтолиние, виолински клуч, знак за нота, сол1 и ми1;<br>▸ да умее да пишува виолински клуч. | Елементи на нотно писмо: нота, петтолиние, виолински клуч; поставување на тоновите сол1 и ми1 на петтолиние. | ▸ Нота<br>▸ Петтолиние<br>▸ Виолински клуч | ▸ Запознавање со елементите на нотното писмо: нота, петтолиние, виолински клуч преку впечатливо визуелно претставување според определена боја;<br>▸ вежби за пишување на виолински клуч, нота со следење на редоследот на пишување и бојата. |

## 6. ОСНОВИ НА ДЕТСКОТО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (ориентационо 8 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се поттикнува за музичко изразување со глас, свирење, движење;<br>▸ да стекнува сигурност и самодоверба во сопственото музичко изразување;<br>▸ да ужива во музичкото изразување. | Креативно изразување преку пеење, движење и свирење;<br><br>изразување на впечатоците од слушаната музика на различен начин. | | ▸ Самиот ученик на обработена песна или музички пример создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измислување на чекори и движења со рацете;<br>▸ креативно изразување и творење на слушаните песни и музичките примери;<br>▸ самостојно креирање на музички секвенци за одредени детски музички инструменти;<br>▸ учество во игри и драматизации;<br>▸ учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење;<br>▸ учество во активности преку сопствено изразување на впечатоците од слушаната музика. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Учениците со аутизам ја сакаат музиката. Тие што имаат развиен говор често не зборуваат, но пеат песни. Поради тоа музиката честопати може да е пат кон усвојување на нови поими и знаења, поттик на развој на говор и социјализација на ученикот/ученичката. Најчесто имаат добро развиено чувство за ритам, но учењето на песните, исто така, мора да биде проследено со слики, гест и/или насочено водење. Учениците со аутизам не покажуваат иницијатива за учење, но преку музиката учат спонтано. Карактеристично е често опсесивно врзување за одреден музички систем или одредено музичко ЦД (треба перманентно да се работи за да се отстрани опсесијата).

➢ **Годишен фонд на часови**

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 19 часа |
| 2. | Музика и движење | 19 часа |
| 3. | Слушање музика | 12 часа |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 8 часа |
| 5. | Основи на музичката писменост | 6 часа |
| 6. | Основи на детското музичко изразување и творење | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

- **Наставни средства:**
  - аудио- визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.
За учениците со аутизам потребна е специфична организација и структуирање на просторот кој ќе биде во согласност со индивидуалните потреби, навики и однесување. По опсервацијата потребно е да се одреди местото на седење на ученикот/ученичката (местото за индивидуална и групна работа, како и местото за релаксација).

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 01-521/23
23.06.2010 год.
СКОПЈЕ

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- зазема правилен пејачки став;
- пее култивирано (умерено, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- препознава звуци од природата и околината;
- активно слуша музика;
- изведува едноставна кореографија во музичко-ритмички активности;
- именува и применува ритмички и мелодиски детски инструменти;
- разликува основни видови на темпо и динамика;
- препознава и применува музички писмени знаци (петтолинија, виолински клуч, нота);
- користи ИКТ за музичко изразување.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музичко образование за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

Никола Тодоров
министер за образование и наука

Скопје 23. 06. 2010